**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување ПЛАН ПРОГРАМИ за изменување и дополнување на ПЛАН-ПРОГРАМИ за развој на Општина Карпош за 2021 година**

1. Се објавува ПЛАН ПРОГРАМИ за изменување и дополнување на ПЛАН-ПРОГРАМИ за развој на Општина Карпош за 2021 година, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8449/5**
**Датум: 29.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев**

Согласно член 36, став 1, точка 1; член 22, став 1, точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21-б од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), План-Програми за развој на Општона Карпош за 2021 година бр.09-6997/7 од 12.11.2020 година, Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата бр.44-11960/1 од 11.12.2020 година

донесена од Влада на Република Северна Македонија и Одлуката за давање согласност за прифаќање дел од Проект „Партерно уредување-реконструкција на пешачка зона (платформа) на станбено-деловен комплекс-Порта Влае (прва фаза) во Општина Карпош, финансиран од Влада на Република Северна Македонија, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош на педесет и првата седница, одржана на 28 декември 2020 година, донесе

**ПЛАН-ПРОГРАМИ**
**за изменување и дополнување на ПЛАН-ПРОГРАМИ**
**за развој на Општина Карпош за 2021 година**

1.Во План-Програмите за равој на Општина Карпош за 2021 година бр.09-6997/7 од 12.11.2020 година, се врши изменување и дополнување на начин што во точка 1, став 11, се бришат алинеја 1 и алинеја 2:

- „започнувајќи од 2021 година до 2022 година.Во 2021 година планираниот износ на средства изнесува **30.000.000,00денари** со изградба на околу 6,000.00 м$^2$ и
- во 2022 година планираниот износ на средства изнесува **40.000.000,00денари** со изградба на околу 8,380.00 м$^2$. “

На место на избришаните алинеји се запишуваат нови алинеја 1 и алинеја 2 со следната содржина:

- Првата фаза ќе се одвива во 2021 година со изградба на цца 6.000 м$^2$ и со вкупен планиран износ на средства во висина од 27.000.000,00 денари, од кои
  - 25.500.000,00 денари се обезбедени од Владата на Република Северна Македонија, врз основа на Одлука за склучување на Анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата бр.44-11960/1 од 11.12.2020 година, точка 74.За проектот со архивски број 02-1192/74 од 11.12.2020 година под назив партерно уредување-реконструкција на пешачка зона (платформа) на станбено-деловен комплекс-Порта Влае (прва фаза) во Општина Карпош со вкупна проектирана вредност 25.500.000,00 денари, согласно поднесеното барање и проектната документација
  - 1.500.000,00 денари обезбедеби од Буџетот на Општина Карпош за 2021 година
- Втората фаза ќе се одвива во 2022 година со изградба на цца 8.380 м$^2$ и вкупен планиран износ на средства во висина од 43.000.000,00 денари кои ќе бидат обезбедени во Буџетот на Оптшина Карпош за 2022 година

2.
Пред последниот став од програмата се брише и на негово место се запишува нов став кој гласи:

„За реализација на оваа План-Програма за развој планираните финансиски средства се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош и од Буџетот на Република Северна Македонија“.

3.Оваа План на Програми за развој влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-8209/9**
**Датум: 28.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова**